Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 14**

**11.12.2020**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за усвојување на Стратегија за туризам на Општина Демир Хисар, со Акционен план за период 2021 - 2024**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Стратегија за туризам на Општина Демир Хисар, со Акционен план за период 2021 - 2024, донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 1091/1 Општина Демир Хисар
11.12.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002 година) и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар " бр. 3/2002 година ), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 07.12.2020 година донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Стратегија за туризам на Општина Демир Хисар, со Акционен план за период 2021 - 2024

Член 1

Се усвојува Стратегијата за туризам на Општина Демир Хисар, со Акционен план за период 2021 - 2024, финансирана од Министерство за економија на Република Северна Македонија.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Предлог - Стратегија за туризам на Општина Демир Хисар, со Акционен план за период 2021 - 2024, кој не се објавува во "Службен гласник на Општина Демир Хисар", а ќе се објави на веб страната на општината.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-1069/2 Совет на општина Демир Хисар
07.12.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство"**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство", донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 1091/2 Општина Демир Хисар
11.12.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.12.2020 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство"**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство".

Член 2

Планираната вредност за реализација на проектот од член 1 на оваа Одлука изнесува 8.000.000,00 денари.

Проектот ќе биде реализиран од страна на Центар за развој на Пелагониски плански регион.

Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа, Биро за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година во износ од 3.900.000,00 денари и средства од Општина Демир Хисар во износ од 4.100.000,00 денари како сопствено учество.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-1069/3<br>07.12.2020 година<br>Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

# ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиска помош**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на финансиска помош по барање на Црковен одбор Суводол-Кутретино, Црковен одбор Слепче и Црковен одбор „Св.Илија" Журче бр. 10-1067/1 од 04.12.2020 година, донесена на Итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 07.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 1091/3
11.12.2020 година
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 62став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија", бр. 05/2002)и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар"бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), а по барање на Црковен одбор Суводол-Кутретино, Црковен одбор Слепче, Црковен одбор „Св.Илија" Журче бр. 10-1067/1 од 04.12.2020година, Советот на Општина Демир Хисар донесува

**О Д Л У К А**
одобрување на финансиска помош

1.Со оваа Одлука се одобрува финансиска помош на семејството на починатиот отец Димитар Илиевски по предходно доставено барање на Црковен одбор Суводол-Кутретино, Црковен одбор Слепче и Црковен одбор „Св.Илија" Журче бр. 10-1067/1 од 04.12.2020 година каде починатиот свештеник опслужуваше. Свешетеникот зад себе остави невработена сопруга и две малолетни деца, заради ваквата состојба Црковните одбори се залагаа да се направи акција да се соберат средства за да му се помогне на семејството.

2.Советот на Општина Демир Хисар го разгледа барањето и одобри финансиската помош во висина од 40.000,оо денари.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1069/4
07.12.2020 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Благоја Станојоски с.р.

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за усвојување на Стратегија за туризам на Општина Демир Хисар, со Ационен план за период 2021-2024------------------------------------------------------------1-2

2. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културното богатство“-------------------------------2-3

3. Одлука за финансиска помош----------------------------------------------------------4

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**